Анализа на финансиските резултати на НЛБ Банка Скопје за периодот 1.1 – 30.9.2026 година

Во првите девет месеци од 2026 година, Банката остана силно фокусирана на реализација на стратешките приоритети дефинирани во Стратегијата 2030[1], со фокус на развој на основната банкарска активност, дигитална трансформација, модернизација на деловната мрежа, одржливо финансирање и унапредување на клиентското искуство. Активностите беа насочени кон создавање долгорочна вредност преку профитабилен и одржлив раст, ефикасно управување со ризиците и одговорно користење на капиталот.

Деловното опкружување остана стабилно и отпорно, поткрепено со солидна економска активност. Реалниот раст на БДП забрза од 3,1% во првиот квартал на 4,3% во вториот квартал од 2026 година, додека стапката на невработеност изнесуваше 11,3%. Инфлациските притисоци покажаа знаци на забавување, при што годишната стапка на инфлација изнесуваше 2,7% во септември 2026 година. Надворешното окружување сепак остана извор на неизвесност, при раст на извозот од 10,3% и увозот од 11,0% заклучно со август, проследено со зголемен трговски дефицит.

НЛБ Банка Скопје е системски значајна банка во Република Северна Македонија според големината, заменливоста, поврзаноста и сложеноста на активностите кои ги врши во рамки на домашниот пазар на кредити и депозити, платежните и картичните услуги, старателството над инвестициските и пензиските фондови, брокерските услуги, посредувањето во продажбата на осигурителни услуги и удели во фондови, како и учеството во меѓународните платежни системи.

Во текот на третиот квартал од 2026 година Банката продолжи со инвестициите во модернизација на работењето и унапредување на достапноста и квалитетот на услугите. Продолжија активностите за модернизација на деловната мрежа и имплементација на современи дигитални концепти, насочени кон унапредување на клиентското искуство. Истовремено, продолжија активностите поврзани со NLB Next и понудата на дополнителни поволности за младите клиенти и корисниците на НЛБ картичките.

Паралелно, Банката продолжи да ја развива соработката со различни клиентски сегменти и локалната заедница. Во септември 2026 година беше воспоставена поблиска соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија преку Меморандум насочен кон придонес за поголема финансиска сигурност, информираност и едукација на пензионерската заедница.

Во областа на одржливото финансирање продолжија активностите за поддршка на зелената транзиција. Во август 2026 година, Европската банка за обнова и развој ѝ одобри на Банката зелен финансиски кредит во износ од 4 милиони евра во рамки на програмата GEFF III REPower за Западен Балкан, наменет за финансирање на зелени инвестиции во станбени објекти.

Активностите на Банката беа проследени и со меѓународни признанија. НЛБ Банка го доби признанието „Најдобра банка за физички лица во Македонија“ од Euromoney Awards for Excellence 2026, а во септември Банката се стекна и со сертификатот „Top Employer 2026“ од Top Employers Institute, како меѓународно признание за примената на високи стандарди во управувањето со човечките ресурси и работното искуство.

[1] Согласно правилата за котација на Македонска берза АД Скопје, НЛБ Банка Скопје како издавач се наоѓа на под сегментот Задолжителна котација и нема обврска за објава на финансискиот план.

Анализа на билансот на состојба

На 30.09.2026 година, **вкупната актива** на Банката достигна **159,4 милијарди МКД**, што претставува раст од **13,1%** во однос на истиот период од претходната година и **1,6%** во однос на крајот на 2025 година.

Кредитите на и побарувањата од други комитенти достигнаа **111,0 милијарди МКД**, што претставува значителен раст од **18,7%** на годишно ниво и **8,3%** во однос на крајот на 2025 година. Кредитирањето претставува главен двигател на зголемувањето на активата, што е во согласност со долгорочната деловна ориентација на Банката, според која растот на кредитното портфолио е еден од клучните двигатели на билансниот раст.

- **Кредитите кон нефинансиските друштва** бележат годишен раст од 19,4%, потврдувајќи ја континуираната кредитна поддршка на корпоративниот сектор.
- **Кредитите кон домаќинствата** бележат годишен раст од 9,8%, поддржан од растот на станбените кредити и потрошувачките кредити од по 10,0%.

Паралелно со кредитната експанзија, промената во структурата на активата е видлива и кај останатите финансиски средства. **Паричните средства и паричните еквиваленти** изнесуваат **25,3 милијарди МКД**, со годишен раст од **14,8%**, додека вложувањата во хартии од вредност се намалени за **12,3%**, на **17,5 милијарди МКД**. Ваквите движења укажуваат на поизразена ориентација на структурата на активата кон кредитното портфолио, при истовремено одржување значително ниво на расположливи ликвидни средства.

На **страната на изворите** на финансирање, депозитите на други комитенти достигнаа **122,7 милијарди МКД**, со годишен раст од 11,7% и остануваат доминантен извор за финансирање на активностите на Банката. Повисоката динамика на кредитниот раст во однос на депозитниот раст беше поддржана и со обезбедување дополнителни долгорочни извори на финансирање.
Во таа насока, во текот на 2026 година Банката обезбеди дополнителни долгорочни извори на финансирање, додека депозитите во банки се намалени за 60,9% на 1,8 милијарди МКД во однос на крајот на годината. Обврските по кредити на Банката изнесуваат 7,6 милијарди МКД и се зголемени за 102,4% во однос на состојбата на 31.12.2025 година, главно како резултат на користењето нови долгорочни извори на финансирање. Во првиот квартал од 2026 година беше повлечена кредитна линија од ЕБРД во износ од 30 милиони евра. Одделно, по основ на нов Договор за долгорочен заем со Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, во вкупен износ од 30 милиони евра, беа повлечени 15 милиони евра во јуни и преостанатите 15 милиони евра во септември 2026 година. Овие извори придонесуваат за диверзификација на структурата и натамошно јакнење на стабилноста на изворите на финансирање.

Капиталот и резервите достигнаа **22,9 милијарди МКД**, што претставува годишен раст од **16,1%**. Зајакнувањето на капиталната основа е особено значајно во услови на забрзан кредитен раст и последователно зголемување на ризично пондерираната актива. На 30.09.2026 година, сопствените средства на Банката изнесуваат 22,95 милијарди МКД, а стапката на адекватност на капиталот **18,88%**.

Дополнителна поддршка на капиталната позиција во 2026 година произлегува од одлуката на Годишното собрание на акционери за задржување на дел од добивката остварена во 2025 година во износ од околу **2,6 милијарди МКД**, како и од повлекувањето на **заем квалификуван како додатен основен капитал во износ од 10 милиони евра** во јули 2026 година. Во услови на раст на кредитната активност, овие мерки придонесоа за зајакнување на капиталната позиција на Банката обезбедувајќи усогласеност со зголеменото барање за противциклични заштитен слој од 0,25 процентни поени, кое стапи во сила во октомври 2026 година.

Сумирано, билансните движења во првите девет месеци од 2026 година ја одразуваат ориентацијата на Банката кон раст на основната банкарска активност, при што кредитната експанзија е поддржана од растечка депозитна база, дополнителни долгорочни извори на финансирање и зајакната капитална основа.

Анализа на билансот на успех

Во периодот 1.1 – 30.09.2026 година, Банката оствари **добивка пред оданочување од 2.910 милиони МКД** и **нето-добивка од 2.530 милиони МКД**. Во однос на истиот период од 2025 година, добивката пред оданочување е повисока за **1,6%**, додека нето-добивката бележи раст од **1,0%**. Остварената добивка е резултат на растот на приходите од основната банкарска дејност и зголемениот обем на кредитното портфолио, при истовремено повисоки трошоци на финансирање, оперативни расходи и зголемени исправки на вредност за кредитниот ризик.

Нето приходи од камата

Нето приходите од камата достигнаа **3.733 милиони МКД**, што претставува раст од **1,9%** во однос на истиот период од 2025 година. Приходите од камата се зголемени за **7,7%**, поддржани од значителното зголемување на кредитното портфолио, кое на 30.09.2026 година достигна 111,0 милијарди МКД и беше повисоко за 18,7% на годишно ниво.

Позитивниот ефект од растот на каматните приходи беше делумно неутрализиран од зголемувањето на расходите за камата за **45,6%**, што резултираше со поумерен раст на нето приходите од камата.

Нето приходи од провизии и надомести

Нето приходите од провизии и надомести достигнаа **1.230 милиони МКД** и се повисоки за **5,8%** во однос на истиот период од 2025 година како резултат на зголемениот обем на активности и испорачани услуги. Приходите од провизии и надомести изнесуваат **1.960 милиони МКД**, додека расходите по овој основ изнесуваат **730 милиони МКД**.

Растот на нето-приходите од провизии и надоместоци придонесува за диверзификација на приходната структура и претставува дополнителен извор на раст на оперативните приходи.

Останати приходи

Нето приходите од курсни разлики изнесуваат **294 милиони МКД**, додека останатите приходи од дејноста достигнаа **289 милиони МКД** како резултат пред сѐ на реализирана наплата на отпишани побарувања. Овие позиции претставуваат дополнителен придонес во приходната страна, но основниот финансиски резултат на Банката и понатаму главно се генерира од нето приходите од камата и нето приходите од провизии и надоместоци.

Оперативни трошоци

Оперативните трошоци, кои ги опфаќаат трошоците за вработените, амортизацијата и останатите расходи од дејноста, достигнаа приближно **2,4 милијарди МКД** и се повисоки за **7,6%** во однос на истиот период од 2025 година. Раст во интервалот од 7 - 8% на годишна основа е забележан кај сите категории на трошоци, при што:

- трошоците за вработените изнесуваат **1.097 милиони МКД**;
- амортизацијата изнесува **284 милиони МКД**;
- останатите расходи од дејноста изнесуваат **1.006 милиони МКД**.

Во текот на периодот, паралелно со редовното работење, продолжија активностите поврзани со модернизација на деловната мрежа, дигитална трансформација и унапредување на оперативните процеси.

Исправка на вредност и кредитен ризик

Нето-ефектот од исправката на вредноста на финансиските средства и посебната резерва за вонбилансната изложеност претставува расход од 254 милиони МКД, наспроти расход од 162 милиони МКД во истиот период од 2025 година. Движењето на оваа позиција се реализира во услови на зголемен обем на кредитното портфолио, при континуирано следење и управување со кредитниот ризик.

Очекувања за претстојниот период

Според последно расположливите проекции на релевантните домашни и меѓународни институции, се очекува домашната економија да продолжи да остварува позитивни стапки на раст. Проекциите за реалниот раст на БДП за 2026 година се движат во интервал од 3,2% до 3,6%, додека за 2027 година се движат од 3,0% до 3,8%. Истовремено, инфлацијата се очекува да остане релативно повисока, при различни очекувања на институциите за динамиката на нејзиното понатамошно движење. Надворешните и геополитичките ризици и понатаму претставуваат фактор на неизвесност за економската активност и ценовните движења. Во вакво макроекономско окружување, Банката ќе продолжи со реализација на деловните и стратешките приоритети во согласност со Стратегијата 2030, со фокус на унапредување на кредитните, депозитните и платежните производи и услуги, дигитална трансформација, подобрување на клиентското искуство и оперативната ефикасност.

Паралелно, Банката ќе продолжи со внимателно управување со кредитниот ризик, ликвидноста, оптимизација на структурата и трошокот на финансирањето и капиталната позиција, земајќи ги предвид макроекономските и пазарните услови.

Во областа на одржливото банкарство, Банката ќе продолжи со активности насочени кон интегрирање на ESG принципите во работењето и поддршка на проекти поврзани со енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија и зелена транзиција.

Известување за промени во сметководствените политики и методи

Во анализираниот период од 2026 година, нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постојки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)

Во анализираниот период нема вложувања, продажба или значителен отпис на материјални средства кои го надминуваат прагот од 30% во однос на последните годишни ревидирани финансиски извештаи.

Исплатени дивиденди

Во текот на 2026 година, Банката изврши исплата на дивиденда на акционерите **од остварената добивка за 2025 година**, во вкупен бруто износ од **2.2 милијарди МКД**, односно **2.571 МКД по акција**, во согласност со Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година и Одлуката за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар, донесени од Собранието на акционери на 28.05.2026 година.

Промени во кредитните задолжувања (намалување / зголемување поголеми од 30 % споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)

Заклучно со 30.09.2026 година, кредитните задолжувања на Банката бележат зголемување поголемо од 30% во однос на состојбата на 31.12.2025 година, главно како резултат на користењето нови долгорочни извори на финансирање.

Во првиот квартал беше повлечена кредитна линија од ЕБРД во износ од 30 милиони евра. Одделно, долгорочниот заем од Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, во вкупен износ од 30 милиони евра, беше повлечен во две транши од по 15 милиони евра во јуни и септември 2026 година.

Скопје, 26.10.2026 година НЛБ Банка Скопје